**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 1 и член 153 став (5) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден XX јули 2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА И СИСТЕМСКИ УСЛУГИ

## Член 1

Во Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23), во Прилогот 2, точката 4 со наслов Минимално потребната разлика меѓу регулираната цена за топлинската енергија на регулираниот производител и цена на производителите на топлинска енергија (за постројки за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија со гасна и парна турбина), се менува и гласи:

**“4. Минимално потребната разлика меѓу регулираната цена за топлинската енергија на регулираниот производител и цена на производителите на топлинска енергија (за постројки за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија со гасна и парна турбина)**

(1) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен да ја откупува топлинската енергија испорачана од производителите на топлинска енергија во дистрибутивниот систем ако цената на топлинската енергија понудена од производителот е пониска од регулираната цена за топлинската енергија на регулираниот производител за износ кој е поголем или еднаков со минимално потребната разлика меѓу овие цени.

(2) Минимално потребната разлика меѓу регулираната цена за топлинската енергија на регулираниот производител и цена на производителите на топлинска енергија се определува на следниот начин:

$$\Delta_P = \frac{P_{rp} - P_p}{P_{rp}} \cdot 100$$

| | | | |
|---|---|---|---|
| $\Delta_P$ | - | минимално потребната разлика меѓу регулираната цена за топлинската енергија на регулираниот производител и цена на производителите на топлинска енергија, | [%] |
| $P_{rp}$ | - | регулираната цена за топлинската енергија на регулираниот производител, | ден/kWh |

| | | | |
|---|---|---|---|
| $P_p$ | - | максимална продажна цена на топлинска енергија од производителите на топлинска енергија | ден/kWh |

(3) Максимална продажна цена на топлинска енергија од производители на топлинска енергија се пресметува со изразот:

$$P_p = \frac{P_{pg}}{\eta} \cdot \Delta_Q + P_f$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $P_p$ | - | максимална продажна цена за топлинска енергија од производител на топлинска енергија, | ден/kWh |
| $P_{pg}$ | - | цена на природен гас во согласност со тендерската постапка којашто регулираниот производител на топлинска енергија е должен да ја спроведе, како и просечната месечна продажна цена на природниот гас на пазарот во Република Северна Македонија, | ден/kWh |
| $\eta$ | - | степен на ефикасност на топлана во која за производство на топлинска енергија се користи природен гас, | - |
| $\Delta_Q$ | - | коефициент со кој се изразува разликата помеѓу просечната специфична потрошувачка на природен гас на постројката при производство само на електрична енергија и просечна специфична потрошувачка на природен гас при комбинирано производство на електрична и топлинска енергија, | - |
| $P_f$ | - | фиксни трошоци за производство на топлинска енергија | ден/kWh |

(4) Коефициентот со кој се изразува разликата помеѓу просечната специфична потрошувачка на природен гас на постројката при производство само на електрична енергија и просечна специфична потрошувачка на природен гас при комбинирано производство на електрична и топлинска енергија се определува со изразот:

$$\Delta_Q = Q_{P(e)} - Q_{P(e,t)}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $Q_{P(e)}$ | - | просечната специфична потрошувачка на природен гас при производство само на електрична енергија | - |
| $Q_{P(e,t)}$ | - | просечна специфична потрошувачка на природен гас при комбинирано производство на електрична и топлинска енергија | - |

(5) Просечната специфична потрошувачка на природен гас при производство само на електрична енергија се пресметува на следниот начин:

$$Q_{P(e)} = \frac{\sum Q_{i,PG}}{\sum Q_{i,EE}}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $\sum Q_{i,PG}$ | - | сума на влезните количини на природен гас во разгледуваниот период (*i*), (од мај до септември за изминатите три години) | kWh |

| | | | |
|---|---|---|---|
| $\sum Q_{i,EE}$ | - | сума на произведените количини на електрична енергија во разгледуваниот период (*i*) (од мај до септември за изминатите три години) | kWh |

(6) Просечната специфична потрошувачка на природен гас при комбинирано производство на електрична и топлинска енергија се пресметува на следниот начин:

$$Q_{P(e,t)} = \frac{\sum Q_{i,PG}}{\sum Q_{i,EE} + \sum Q_{i,TE}}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $\sum Q_{i,PG}$ | - | сума на влезните количини на природен гас во разгледуваниот период (*i*) (декември, јануари, февруари за изминатите три години) | kWh |
| $\sum Q_{i,EE}$ | - | сума на произведените количини на електрична енергија во разгледуваниот период (*i*) (декември, јануари, февруари за изминатите три години) | kWh |
| $\sum Q_{i,TE}$ | - | сума на произведените количини на топлинска енергија во разгледуваниот период (*i*) (декември, јануари, февруари за изминатите три години) | kWh |

(7) Фиксните трошоци за производство на топлинска енергија на производителот се утврдуваат како процент од цената на производител на топлинска енергија утврден од Регулаторната комисија за енергетика. ”

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр.01-XXXX/1**
**XX јули 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управаување со комунален отпад на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 1 и член 153 став (5) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ппристапи кон изработка на Правилник за изменување на Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги.

Со овој Правилник се врши измена и појаснување на периодот кој што се зема во предвид при пресметка на просечната специфична потрошувачка на природен гас при производство само на електрична енергија, како и земање во предвид на степенот на ефикасност на топлана во која за производство на топлинска енергија се користи природен гас.

Регулаторната комисија за енергетика на XX јули 2024 година, одржа седница на којашто донесе Правилник за изменување на Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги.